## СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

**од Шеснаесеттото продолжение на Дванаесеттата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 6 март 2007 година**

Седницата се одржа во Собранинето на Република Македонија, сала 1, со почеток во 17,54 часот.

Седницата ја отвори и на неа претседаваше Иван Анастасовски, потпретседател на Собранието.

**Иван Анастасовски:** Продолжуваме со работа по 12-та седница на Собранието на Репулбика Македонија.

Пратениците: Абдуљади Вејсели, Блерим Беџети, Сафет Незири, Џеват Адеми, Рафис Алити, Теута Арифи, Али Ахмети, Агрон Буџаку, Фазли Велиу, Садула Дураки, Зумрете Јакупи, Аднан Јашари, Азиз Положани, Селвие Салиу, Ајше Селмани, Тахир Хани, Ристанка Лалчевска, Љубчо Ѓерѓиевски, Арбен Џафери, Мендух Тачи, Даут Реџепи, Насер Ајдини, Владо Бучковски, Илинка Митрева, Даниел Дончев и Јани Макрадули, ме известија дека се спречени да присуствуваат на седницата.

Ве молам да притиснете едно од копчињата на системот за гласање за да го утврдиме бројот на присутните пратеници во салата.

Ги молам службите да го утврдиме точниот број на патеници кои се присутни во салата.

На седницата присуствуваат 64 пратеници.

Констатирам дека присуствуваат мнозинство пратеници на Собранието и дека Собранието може полноважно да одлучува.

**23 -та точка - Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за здравственото осигурување.**

Претресот по Предлогот за донесување на законот е заклучен.

На Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок:

1. Собранието на Република Македонија го усвојува Предлогот за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за здравствено осигурување.

Предлагачите на законот, пратениците Тито Петковски, Горан Мисовски, Иван Анастасовски, Јагнула Куновска, Мирјана Секуловска и Веле Митановски, ќе ги изготват и на Собранието ќе му достават Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за здравствено осигурување, при што ќе ги има во предвид забелешките, мислењата и предлозите изнесени на седницата на Собранието на Република Македонија.

Овој заклучок заедно со стенографските белешки од расправата на седницата на Собранието на Република Македонија се достави до пратениците Тито Петковски, Горан Мисовски, Иван Анастасовски, Јагнула Куновска, Мирјана Секуловска и Веле Митановски.

Предложениот заклучок го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласале 65 пратеници, за гласале 20, воздржано 37 и 8 гласале против.

Констатирам дека Собранието не го усвои предложениот заклучок.

Почитувани колеги овде. . .

Повелете, три минути процедурално пратеник господин Најдовски Слободан.

**Слободан Најдовски:** Господине потпретседателе имам две процедурални забелешки, едната е согласно принципите на демократијата на развиените Западно-европски земји кон кои ние се стремиме, со ова гласање претходно можеме да рачунаме дека е изгласана недоверба на Владата од еден дел од Владиното мнозинство, од еден дел од партиите што ја поддржуваат Владата.

Втората ми е навистина процедурална забелешка,Со оглед на тоа што навестивте дека утре ќе работиме по 31-та седница, прашувам, дали утре ќе го разгледуваме Законот за здравствено осигурување или ќе има некои претумбувања повторно од Владата 20-тина дена, по нашите укажувања го одложува.

Ве молам, по што утре ќе работиме да знаеме како пратеници, за што да се припремаме. Децидно да не информирате.

**Иван Анастасовски:** Ви благодарам на процедуралната забелешка.

Прво ова беше закон од група пратеници. Не е врзано со Владата воопшто. Владата ниту паднала, ниту е изгласана недоверба од Собранието. Од друга страна тоа сакав да го речам впрочем и пред да ја затворам седницата. Тоа сакав сега и да го кажам.Значи, со тоа ви одговарам и на вас колега Најдовски, со тоа ја затварам денешната работа на Собранието, по однос на 12-тата точка од дневниот ред. Продолжуваме со истата 12-тата утре во 11,00 часот, по завршувњето на 12-тата продолжуваме со 31-та седница на дневниот ред. По завршувањето на 12-та. Продолжуваме со 31-та седница, токму она што и вие го побаравте во вашата процедурална забелешка. Тука го имате дневниот ред, ќе го видите дневниот ред, ќе ги видите сетот на законите кои се и по тоа ќе продолжиме по завршувањето на 12-тата.

Ви благодарам.

Во 11,00 часот почнуваме.

Седницата прекина со работа во 18,03 часот.